Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 23.12.2022

На 22.12.2022 во 18.15 часот, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода М.А.(43) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом , извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, три дигитални ваги, предмети со остатоци од кафеава прашкаста материја и пари. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2022 во 01.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Б.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2022 во 01.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.С.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2022 во 02.30 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Л.(29) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела гранчеста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2022 во 00.10 часот на автопат Тетово-Скопје, кај излезот за Желино, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода У.Р. (22), и А.Л. (19), двајцата од Тетово, и С.Л.(18) од тетовско Мерово, затоа што во возилото „фолксваген голф", во кое се превезувале, биле пронајдени остатоци од кокаин. Лицата биле задржани во Полициска станица и по документирање на случајот против нив ќе следува соодветен поднесок.

На 22.12.2022 во 14.35 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода С.С.(36) од Кавадарци затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2022 на ул.„Кирил Пејчиновиќ" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода М.Ч.(45) од Охрид затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и предмети со остатоци од прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2022 во 21.30 часот на улица ,,176" во Тетово, полициски службеници од СВР-Тетово ги лишиле од слобода Р.С.(22) и С.А.(29), двајцата од Тетово, затоа што во возилото „опел" со тетовски регистарски ознаки, во кое биле, биле пронајдени остатоци од марихуана. Во исто време, од солобода бил лишен и Н.К.(30) од Тетово, кој излегол од друго возило и ги попречувал полициските службеници да преземат службени дејствија. Исто така, и кај него била пронајдена марихуана. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.12.2022 во 15.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.Ј.(22) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 во 16.20 часот на подрачјето на Центар, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 во 20.35 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.П.(40) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 во 22.50 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода U.C.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 во 11.06 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека при претрес во една просторија во затворот биле пронајдени повеќе пакувања марихуана и кафеава прашкаста материја. Полициски службеници извршиле увид, а дрогата била одземена за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (22.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 149 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина шест санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 12 мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет санкции за користење мобилен телефон...

На 22.12.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акција контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишната. За време на контрола биле констатирани 19 прекршоци, од кои 13 во населено место и 6 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некоректење сигуносен појас и 9 за непрописно паркирање.

На 22.12.2022 во 11.45 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар-с.Градец, кај с.Дебреше, патничко моторно возило „опел" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Б.Б.(85) од с.Дебреше, удрило во Б.Ф. (68) од с.Дебреше. Во несреќата, Б.Ф. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница во Гостивар. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 22.12.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.М.(50) од Скопје пријавил дека на трим патека во населбата „11 Октомври" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 22.12.2022 во 20.50 часот во Полициската станица Аеродром, М.Л.(77) од Скопје пријавил дека на бул.„Видое Смилески-Бато" бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2022 во 14.00 часот во СВР Тетово бил извршен службен разговор со 17-годишна малолетничка од тетовско Рогле. Таа се сомничи дека со тврд предмет го нападнала 16-годишниот малолетник од с.Ново Село, општина Желино, кој вчера во 07.10 часот беше пронајден починат во водите на река Пена на патот кон место викано „Бањиче" во Тетово. Исто така, во врска со настанот, во присуство на родител, претставник од Центар за социјални работи, адвокат и медицинско лице бил извршен разговор и со 17-годишен малолетник од Тетово. Малолетничката била задржана во полициска станица, додека малолетникот бил пуштен. По документирање на случајот од страна на судија во претходна постапка во Основен суд Тетово, на малолетничката ѝ била определена мерка притвор во траење од 30 дена и била спроведена во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на мерката притвор.

На 22.12.2022 во 21.40 часот на улица „Тодор Циповски-Мерџан" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.С.(33) и Ј.И.(38), двајцата од тетовско Сушево, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. На истото место, при преземањето мерки, во 21.55 часот од слобода бил лишен и Д.С.(30) од Тетово затоа што физички нападнал полициски службеник. Притоа, кај него бил пронајден нож. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Деноска (23.12.2022) околу 01.30 часот на патот од маала Чифлик кон маала Сланиште, с.Табановце, кумановско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот го лишиле од слобода С.С.(24) од Скопје, со живеалиште во Франција. Со него била пронајдена илегалната мигрантка С.К.(22) од Конго. По преземени мерки било утврдено дека за паричен надомест требало да ја одведе во прифатно-транзитниот центар Табановце каде наводно биле нејзини родители. Двајцата биле предадени во Полициската станица Куманово, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 на локален пат во охридското село Горно Лакочереј, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода А.И.(25) од селото. При контрола на возило „опел", со кое се превезувал, полициските службеници пронашле и одзеле повелна пушка, која ја поседувал без соодветна дозвола.По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 во 23.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.Ч.(32) од Скопје пријавила дека на бул.„Кочо Рацин" била касната од куче скитник.

На 22.12.2022, при претрес извршен по судска наредба во домот на Б.Д.(57) од Кичево, полициските службеници пронашле и одзеле пиротехнички средства од различна марка, што нелегално ги поседувал. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2022 во СВР Битола, три лица од демирхисарско на возраст од 30, 23 и 36 години пријавиле дека биле измамени од В.М. од с.Горно Оризари, битолско, за суми од 118.000 денари, 20.000 денари и 21.000 денари. Според пријавеното, во периодот од јули 2021 година до пријавувањето, лицето им ветувало дека ќе им посредува во извршување на различни услуги и за тоа од нив барал надомест. Како што е пријавено, тие му ги дале парите, но услугите не биле завршени и лицето не им се јавувало на повиците. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2022 во 10.20 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен Т.М.(22) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во фабрика на подрачје на Гази Баба – Скопје. Увид бил извршен, а за настанот бил известен трудов инспектор.

На 22.12.2022 во 16.15 часот во Полициската станица Карпош, С.Т.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Сливовска" бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2022 во ОВР Прилеп било пријавено дека при извршување работни задачи во фабрика во Прилеп, со тешки телесни повреди се здобил А.Ј.(49) од с.Сепце, прилепско. Тој бил пренесен во болницата во Прилеп за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2022 во 14.55 часот во СВР Тетово, од Клиничка болница Тетово било пријавено дека кај нив со повреди од остар предмет бил донесен И.Ш.(55) од с.Долно Палчиште, тетовско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2022 во 23.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека во објект на ул. „Ленинова", едно машко лице со остар предмет ги нападнало К.Т.(27) и К.А.(27) од Украина, по што им одзело лични предмети. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2022 во ОВР Крушево, С.П.(40) од Крушево пријави дека од домот се оддалечил неговиот татко К.П.(64), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 22.12.2022 во 10.45 часот во Полициската станица Струга, Б.И.(34) од Струга пријавил дека на улицата „Ѓуро Салај" во Струга бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2022 во 13.10 часот во Полициската станица Кичево, К.Ќ.(42) од кичевското село Колари пријавила дека на улица „Маршал Тито" во Кичево била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против двајца 16-годишни малолетници и еден 15-годишен малолетник, сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 10.09.2022 во Скопје, пријавените физички нападнале малолетник.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Свети Николе и против П.З.(55) од Свети Николе, одговорно лице во угостителскиот објект поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „точење алкохолни пијалоци на дете". На 14.07.2022 околу 21.30 часот, со пропуштање на должен надзор дозволиле да се послужат со алкохолен пијалок двајца малолетници на возраст од 15 и 17 години од Свети Николе.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Б.(40) од Тетово поради постоење основи на сомнени за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.03.2021, полициски службеници извршиле претрес во дом и други простории кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

ОВР Пробиштип поднесе кривична пријава против Т.Т.(60) од с.Крупиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". Пријавениот, на лица од Пробиштип и од с.Нов Караорман, во неговата куќа им овозможил да користат хероин.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Д. Ѓ. (36) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 19.12.2022 на граничен премин Табановце, полициски службеници го затекнале пријавениот како со патничко возило „ауди" врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај без да поседува лиценца за јавен превоз на патници.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет